ник го постави претседателот на Извршниот Совет на СРМ д-р Ксенте Богоев. Во темелникот е положена и Повелба со податоци за просторна големина на објектот, кој го гради, средствата што ќе бидат вложени во изградбата и имињата на авторите на проектот.

Новата музејска зграда ќе го опфаќа просторот пред Куршумли Ан, во комплексот на културно-историските споменици на овој дел на старата чаршија. Објектот ќе има бруто корисна површина од 11.350 м² од која за изложбен простор за секој од трите музеи се обезбедуваат по 2.000 м² нето корисна површина, а останатата е наменета за: простории за чување и заштита на експонатите (депоа), сала за повремени изложби, сала за предавања и прожектирање на филмови, фотолабораторија, препараторски и конзерваторски работилници и други простории. Некои од нив ќе бидат заеднички користени.

Објектот ќе го гради Градежното претпријатие „Бетон“ од Скопје, по проектот на инж. архитекти: Томиќ Мимоза и Муратовски Кирил, а ќе биде предаден на употреба во почетокот на 1973 година.

За изградба на објектот од моментот на неговото започнување па сè до предавањето на користење, како и за поефикасно, поекономично и порационално користење на општествените средства наменети за таа цел ќе се грижи одбор, формиран како заеднички орган на споменатите институции. Во одборот влегуваат по двајца члена од институциите чија сопственост ќе биде зградата, претставници на Собранието на градот, Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура, Заводот за станбено и комунално стопанисување, Здружението на музејските работници на СРМ и Заводот за заштита на спомениците на културата на Скопје. Одборот ќе поднесува извештаи, информации и други податоци до самоуправните органи на институциите.

Основно е, што просторно објектот на институциите овозможува извршување на основните функции. Тоа е, пред сè, пренесување на духовните вредности, на културните богатства, преку „постојани“ музејски поставки до најшироките слоеви на народот и кон збогатување на нивната општа култура.

По завршувањето на објектот (спрема договорот зградата треба да биде готова кон крајот на 1973 година) останува како примарна задача реализацијата на содржинските концепции и нивното ликовно-архитектонско обликување, односно отворањето на „постојани“ музејски поставки. Затоа, колективите на овие институции, пред сè стручните лица, треба да вложат големи напори, како нивна заедничка обврска и одговорност кон заедницата воопшто.

Ѓ. М.

## ИЗЛОЖБАТА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ 1872—1972“ ВО ДЕЛЧЕВО

Историскиот музеј на Македонија од Скопје во заедница со Републичкиот одбор за прослава на 100 годишнината од раѓањето на Гоце Делчев ја организира изложбата „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ 1872—1972“,

којашто на свечен начин беше отворена во градот што го носи името на овој истакнат македонски револуционер, идеолог на ВМРО и човек — Делчево.

Тематските изложби имаат во даден момент не само културно туку и политичко значење. Актуелни се, и овозможуваат непосреден контакт на публиката со историско-музејските материјали, односно тие да бидат пристапни на широката јавност и како една од формите на музејско-просветната дејност даваат преглед во историјата и културата на еден народ, односно на една ЛИЧНОСТ или НАСТАН, кратко, конкретно и автентично.

Изложбата „Гоце Делчев 1872—1972" презентира главно досега познат документарен материјал во вид на хронолошко прикажување на неговиот живот и некои моменти од национално-револуционерното ослободително движење на Македонија.

Изложбите од ваков вид ги носат експонатите кои, всушност, претставуваат вистински историски вредности. Општ впечаток е дека тие личат едни на други. Разликата е во обемот на музејското прикажување на материјалите, односно во истакнувањето на нивните вистински — поодделни вредности, кои ѝ даваат величина на историскиот настан или личност.

Видови на историско-музејските материјали што можат да се видат на изложбата „Гоце Делчев 1872—1972" (а тоа е случајот и со речиси повеќе изложби од ваков вид) се: фотографии и документи, досега познати кај нас и надвор од нашата земја, и на повеќе места публикувани. Исключок чини фотографијата на македонскиот револуционер Ефрем Галев од Тиквеш. Се наметнува прашањето, зошто на изложбите од ваков карактер не се користат тродимензионални предмети и уметнички творби? Овој пат ќе го свртиме вниманието и кон овој проблем. Најпрвин нешто околу презентирањето на фотографиите и документите.

Документите презентирани на оваа изложба (нарочно на некои панои) имаат фактографска широчина, што значи дека посетителот тешко може да го сфати во нив суштественото.

Со изложбата „Гоце Делчев 1872—1972", којашто има подвижен карактер ќе се посетат речиси сите места во Републиката, а постои размислување истата да гостува и во некои други републики.

Организирањето на тематски (подвижни) изложби би требало да стане перманентна и системна практика на нашите музеи, планирано во годишните програми, а нивното финансирање да има наменски карактер. Секако дека стручното интегрирање меѓу музеите на овој план заслужува поопределена грижа и внимание, бидејќи се наметнува од практиката како неопходна потреба.

**Ѓ. М.**